# КОРИСНИЧКО УПАТСТВО ЗА ЈАВНИ КОРИСНИЦИ НА ЕНЕР

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

### МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА

Единствен Национален регистар на прописи на Република Македонија

# Содржина

ОПШТО ЗА ЕНЕР ..... 3

Пристап до системот ЕНЕР ..... 4

ЈАВНИ КОРИСНИЦИ ..... 5

**Регистрирани корисници** ..... 6

***Промена на лозинка*** ..... 6

***Подрачја на интерес*** ..... 6

**Нерегистрирани корисници** ..... 8

Пребарување во јавен дел ..... 8

Мени во јавен дел ..... 10

**Вести во главното мени** ..... 10

**Прописи во главното мени** ..... 11

**Прописи/Коментари во главното мени** ..... 13

**Планови за ПВР во главното мени** ..... 15

**Пречистени текстови во главното мени** ..... 17

**ЧПП во главното мени** ..... 17

**Контакт во главното мени** ..... 18

Објаснување за средишниот и долниот дел од почетната страна на ЕНЕР ..... 18

**10 Последни предложени прописи** ..... 19

**5 Најкоментирани прописи** ..... 19

**10 Најнови коментари** ..... 20

**ВЕСТИ** ..... 22

**АНАЛИЗИ** ..... 22

**ДОКУМЕНТИ** ..... 22

**УПАТСТВА** ..... 23

# ОПШТО ЗА ЕНЕР

Единствениот национален електронски регистар на прописи - ЕНЕР претставува електронски систем кој покрај постојните прописи во Република Македонија ги содржи и предлог законите на министерствата во фаза на подготовка.

Единствениот национален електронски регистар на прописи - ЕНЕР претставува алатка првенствено наменета за електронско информирање на граѓанитена РМ, какои на претставниците од невладините организации, стопански комори, бизнис асоцијации и правни лица, претставниците навладата, како и на одделните министерства.

Преку процесот на Проценка на влијанието на регулативата (Regulatory Impact Assessment - RIA) кој подразбира и спроведување на соодветнии временски координирани консултации со јавноста, во Единствениот национален електронски регистарна прописи преку доставување предлози, мислењаи забелешки можат навремено да се вклучат засегнатите страни во креирањето на регулативите. На тој начин се постигнува поголема предвидливост на истите и секако транспарентност на целокупниот процес.

Согласно Деловникот за работа на Владата на Република Македонија и Методологијата запроценка на влијанието на регулативата, Министерствата, предлозите за донесување на закон, нацртитеи предлозитена закони, освен законите кои се донесуваат по итна постапка мора задолжително да ги објават на Единствениот национален електронски регистарна прописи (ЕНЕР)и да бидат достапни за коментари од јавноста, 10 дена од денот на објавувањето. На ЕНЕР секоја заинтересирана страна може да достави мислење, забелешки и предлози во врска со објавените предлози на донесувањена закон, нацртитеи предлозитена законите.

Надлежното министерство подготува извештај за добиените мислења во кој ги наведува причините, поради кои забелешките и предлозите не се прифатени и истиот го објавува на својата интернет страница и во Единствениот национален електронски регистар на прописи. Предлозите за донесување закон, нацртите и предлозите на законии извештаите од ставот (5) на член 71, остануваат објавени на интернет страницата на надлежното министерство и во единствениот електронски регистар напрописи една година од денот на влегувањето во сила на законот.

# Пристап до системот ЕНЕР

За да пристапите до ЕНЕР потребно е во web browser-от да се внесе следната патека:

**https://ener.gov.mk/**

За најдобри резултати при користење на системот се препорачува употреба на web browser-ите Google Chrome и Mozilla Firefox на Windows оперативен систем и Safari web browser на Mac Os.
Системот исто така работи и на следниве прелистувачи:
- Internet Explorer од верзија 9 нагоре,
- Opera.

# ЈАВНИ КОРИСНИЦИ

Јавните корисници на ЕНЕР имаат пристап само до јавниот дел од веб страната и тие можат да бидат:

- Регистрирани
- Нерегистрирани.

Јавниот дел на ЕНЕР изгледа како на долната слика. Секој негов дел ќе биде објаснет во наредните поглавја.




Доколку се кликне на некое од копчињата кои се наоѓаат во горниот, десен агол на сликата: **"Најава"** и **"Регистрирај се"**, најгоре на екранот се појавува форма како на сликата:




Копчињата **"Најави се"** и **"Регистрирај се"**ќе бидат објаснети во наредните две секции.

## Регистрирани корисници

Најавата на оние корисници кои се веќе регистраниво системот се прави со внесување **“Корисничко име”** и **“Лозинка”**и кликнување на копчето **“Најави се”**. Доколку корисничкото име и лозинката постојат во база и се точни, зависно од привилегиите на логираниот корисник, ќе му биде прикажан соодветен екран. Доколку станува збор за јавен корисник, тогаш екранот ќе изгледа како на сликата во секција:**Прописи/Коментари во главното мени**.

Кај регистрираните корисници подетално ќе бидат објаснети деловите за промена на лозинка и подрачјата на интерес.

### *Промена на лозинка*

На сликата за најава/регистрација од секцијата: **ЈАВНИ КОРИСНИЦИ,** има можност за промена налозинката со кликнување на копчето **“Нова лозинка”**. Во тој случај ќе се прикаже екран како на сликата:




Откако ќе се внесе адресата за е-пошта и се кликне на копчето “Испрати”, инструкциите за промена на лозинка ќе пристигнат на адресата за е-пошта.

### *Подрачја на интерес*

Кога јавниот корисник е најавен во системот, во горниот десен агол на екранот копчињата се заменети со копчињата: **“Одјава/Кориснички профил”.** Ако се притисне на некое од нив горниот дел од почетната страна на ЕНЕР изгледа како на долната слика:




Копчето **“Одјава”** е за одјавување од системот. Доколку се кликне на копчето **“Подрачја на интерес”** се добива екран како на долната слика:




Секој најавен корисникможе да одбере области на интересза кои сака да добива известувања во случај кога ќе се внесе пропис, од  таа област на  интерес. Области на интерес можат да бидат, надлежно регулаторно  тело,  сектор и  правно подрачје. Со избор  на област на интерес и клик на Зачувај се снимаат податоците.

## Нерегистрирани корисници

Регистрацијата на оние корисници кои сакаат да се најават во системот се прави со кликнување на копчето **“Регистрирај се”**. Тогаш се прикажува форма како на долната слика:




Откако ќе се внесат сите полиња и ќе се кликне на **“Регистрирај ме”**, на email на корисникот ќе му стигне порака со линк кој треба да го кликне за да се регистрира во системот.

## Пребарување во јавен дел

Во горниот дел на почетната страна на ЕНЕР веднаш под делот за најава/регистрација, има дел за пребарување на прописите. Овде има можност да се пребарува според називот на прописот со внесување текст со минимум 4 карактери во полето **“Пребарај...”** и кликнување на копчето **“Пронајди”**. Во тој случај ќе се појави екран како на долната слика.




Доколку се пронајдат резултати како на сликата, тогаш ќе се појави табела најдолу на екранот со исфилтрираните резултати. Може да се прегледа некој пропис со кликнување на линкот во колоната **“Назив на пропис”**.

Истиов екран се добива и доколку се кликне копчето **“Напредно пребарување**” кое исто така се наоѓа во горниот дел на почетната страна на ЕНЕР во делот за пребарување. Разликата е само во тоа што полето **“Пребарај го следниот поим во прописите”** не е пополнето како што беше претходно и табелата со најдени прописи ја нема на екранот.




Овде има можност за филтрирање на објавените прописи и тоа:

- Можност за пребарување според некој текст од минимум 4 букви во називот на прописот што се внесува во полето: **“Пребарај го следниот поим во прописите”** и/или
- Според полињата од напредното пребарување (опаѓачките мениа и check box-овите од подрачја).

Откако ќе се кликне на копчето **“Пронајди”** доколку постојат такви прописи ќе бидат прикажани во табела како на првата слика во оваа секција.

# Мени во јавен дел

Менито на јавниот дел на ЕНЕР се наоѓа веднаш под делот за најава, регистрација и пребарување.Составено е од осум табови како на сликата подолу.




Доколку корисникот е јавен корисник и е веќе најавен во системот, тогаш менито е составено од девет табови, т.е. после првиот таб се наоѓа табот **“Прописи/Коментари”** (секција:**Прописи/Коментари во главното мени**).

Со кликање на табот **“Почетна”** корисникотсекогаш се враќа на насловната страна од апликацијата.

Доколку со глушецот се застане на вториот таб кој што се креира динамички (во примеров е “тест”), може да се видат неговите потставки, доколку ги има.Овој дел целосно динамички се креира преку администраторскиот дел на ЕНЕР (имињата на ставките, како и содржината на статичките страни).

Сите останати табови детално ќе бидат објаснети во наредните секции.

## Вести во главното мени

Кога ќе се кликне на табот **“Вести”** се појавува екран како на сликата подолу.Во овој дел може да се видат сите вести внесени преку администраторскиот дел и тоа сортирани првично според желбата на управителот на ЕНЕР, а потоа според датумот на креирање на веста.Најдолу има дел за страничење на вестите.




Доколку се кликне на копчето **“Повеќе”** кај некоја вест, тогаш се отвара екран како на сликата подолу.Овде има преглед на веста, т.е. може да се види нејзиниот наслов, како и прикачениот документ кој што со кликање на линкот може да се спушти.




## Прописи во главното мени

Кога ќе се кликне на табот **“Прописи”** се појавува екран како на сликата подолу.Овде се излистани сите папки, како и можност за нивно пребарување по одредено министерство на кое припаѓа папката што сакате да ја пронајдете. Пребарувањето се прави со одбирањенадлежно тело од опаѓачкото мени: **“Сите надлежни регулаторни тела/институции”.**Пребарување на некоја папка може да се прави и со внесување текст во полето кај “Пребарај...” и после кликнување на копчето “Пронајди” се филтрираат папките според тој текст. Најдолу на страната има страничење каде има можност за преглед на сите страни од листата со папки.




Доколку се кликне на линкот за назив на папката или пак на копчето **“Повеќе”**, се прикажува екран како на долната слика:



Овде пребарувањето е на истиот принцип како и на претходниот екран (според надлежно регулаторно тело или со внесување на некој текст и пребарување по него). На сликата се гледа дека има приказ за оваа папка на кои подрачја припаѓа, како и листа со прописи кои се во неа креирани.Ако се кликне на линкот за назив на прописот или пак на копчето **“Повеќе”**, се прикажува екран како на долната слика:




Во горниот дел се сите податоци внесени преку администраторскиот дел за овој пропис, како и документи за прописот кои можат да се спуштат. Најдолу има приказ на сите коментари дадени за тој пропис. Доколку сакате да оставите нов коментар треба да кликнете на копчето **“Коментирај”.**Ако корисникот не е најавен на системот ќе се испише порака над копчето дека мора прво да се најави за да остави коментар. Делот со новите коментари за прописот ќе биде објаснет детално во наредната секција:**Прописи/Коментари во главното мени**.

## Прописи/Коментари во главното мени

Доколку корисникот е најавен во системот како јавен корисник, во главното мени освен осумте табови, ќе постои уште еден таб: **Прописи/Коментари**(втор таб во менито), чија што содржина е прикажана како почетен екран после најавувањето во ЕНЕР.




Во долниот дел од сликата прикажана е табела со сите прописи кои се со статус Објавен. Во горниот дел пак, има можност за два вида на филтрирање на објавените прописи и тоа:

- Можност за пребарување според некој текст од минимум 4 букви во називот на прописот што се внесува во полето: **“Пребарај го следниот поим во прописите”**и/или споредполињата од напредното пребарување (опаѓачките мениа и check box-овите од подрачја) и потоасо притискање на копчето **“Пронајди”**,
- Филтрирање според втората колона од табелата т.е. опаѓачкото мени: **“Сите надлежни регулаторни тела/институции”.**

Во табелата со прописи има можност за преглед на некој пропис, доколку се кликне на линкот од колоната **“Назив на пропис”**со што ќе се прикаже екран како третата слика од секцијата:**Прописи во главното мени**. Доколку пак се кликне на копчето **“Коментирај”**кај некој пропис, се појавува екран како на долната слика.До истиов екран се стигнува и преку копчето **“Коментирај”**од претходната секција:**Прописи во главното мени**.




Линкот **“Назив на пропис”**ве носи на екранот за приказ на прописот.Ова поле не може да се промени.Овде има можност за прикачување на повеќе документи со кликнување на копчето **“Додади”**после секој.Откако ќе се внесат сите останати задолжителни полињатреба да се кликне копчето **“Внеси”**за коментарот успешно да биде испратен до управителот на ЕНЕР, кој што треба да го одобри за тој да биде објавен. После одобрувањето на тој коментар истиот ќе се најде во табелата најдолу на сликата.

Овде важно е да се напомене дека доколку во администраторскиот дел на ЕНЕР за овој пропис се внесени два нацрт закони, тогаш ќе се појави timer како на горната слика, со коментар уште колку време е преостанато за коментирање. После истекот на ова време се јавува порака дека времето за оставање коментари за прописот истекло. Timer-от може да се изгуби (времето за коментирање да истече) и доколку во администраторскиот дел на ЕНЕР се внесат два предлози кај документите за тој пропис. Доколку истече времето за коментирање тогаш се јавува порака на местото од timer-от: “Времето за коментар е истечено”. И во овој случај може да се остави коментар, но ќе се појави следното предупредување најгоре: “Вашиот коментар е додаден по истекот на рокот,со што надлежното министерство нема обврска истиот да го земе предвид, но ќе направи обид за негово разгледување и одговарање”.

## Планови за ПВР во главното мени



ПВР плановите во дадената листа на горната слика се поделени според година.На почеток селектирана е последната година за која има внесени планови. Овде има можност за филтрирање на плановите и според надлежното регулаторно тело, со одбирање нешто од опаѓачкото мени **“Сите надлежни регулаторни тела/институции”**со што ќе се исфилтрираат само оние планови кои припаѓаат на одбраното министерство.Кога ќе се кликне на **“Детали”** во колоната **“Линк до сите планови”** се отвора листа на ПВР планови за тоа надлежно регулаторно тело/институција, како на сликата подолу.


МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА

ГОДИШЕН ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕ НА РЕГУЛАТИВАТА ЗА 2015 ГОДИНА

Сите месеци

| Реден број | Назив на предлог законот | Период за кој се однесува планот | Линк до деталниот план |
|---|---|---|---|
| 1 | тттттт | Процесот ќе започне на: 08/01/2015 и ќе трае до: 17/01/2015 | Детали |
| 2 | нов закон | Процесот ќе започне на: 05/03/2015 и ќе трае до: 12/06/2015 | Детали |
| 3 | нанјнов замкон | Процесот ќе започне на: 17/12/2015 и ќе трае до: 08/01/2016 | Детали |

Број на посети на сајтот: 1861
Моментално присутни корисници: 1

На горната слика ги има сите ПВР планови за дадената година за одредено министерство.Тука има можност за пребарување според месец од опаѓачкото мени. За детално да се види ПВР планот тогаш од горната слика треба да кликнете на “Детали” од колоната “Линк до деталниот план”, и тогаш ќе се појави екран како на долната слика.


ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕ НА РЕГУЛАТИВАТА

| | |
|---|---|
| Назив на министерство: | Влада |
| Назив на предлог законот: | енер 120 почетни услови |
| Краток опис на проблемот: | енер 120 почетни усло |
| Цел на предлог законот: | енер 120 почетни усло |
| Месец на поднесување на предлог законот до Владата: | Јануари |
| Временска рамка за спроведување на ПВР од - до: | 05/12/2014 - 26/12/2014 |
| Потребни човечки и финансиски ресурси за спроведување на ПВР: | енер 120 почетни усло |
| Засегнати страни кои ќе бидат вклучени во процесот: | енер 120 почетни усло |
| Начин на вклучување на засегнатите страни: | - Јавен увид на предлогот на закон<br>- Јавни расправи<br>- Барања за писмени мислења, забелешки и сугестии од засегнатите страни |
| Временска рамка за спроведување на консултациите од - до: | 08/12/2014 - 09/12/2014 |

## Пречистени текстови во главното мени

Кога ќе се кликне на табот **“Пречистени текстови”** се појавува екран како на сликата подолу.Овде се излистани сите пречистени текстови, како и можност за нивно пребарување по одредено министерство на кое припаѓа пречистениот текст што сакате да го пронајдете. Пребарувањето се прави со одбирање надлежно тело од опаѓачкото мени: **“Сите надлежни регулаторни тела/институции”.** Пребарување на некој пречистен текст може да се прави и со внесување текст во полето кај “Пребарај...” и после кликнување на копчето “Пронајди” се филтрираат пречистените текстови според тој текст. Најдолу на страната има страничење каде има можност за преглед на сите страни од листата со пречистени текстови.




## ЧПП во главното мени

Кога ќе се кликне на табот **“ЧПП”** се појавува екран како на сликата подолу.Во овој дел може да се видат сите често поставувани прашања со нивните одговори.Доколку се кликне на знакот **“+”**покрај некое прашање, ќе се отвори неговиот одговор веднаш под тоа прашање.Со кликање на знакот **“+”**од друго прашање, се затвора претходно отвореното.Претходно отвореното прашање може да се затвори и со притискање на знакот **“-”**кај истото прашање.




## Контакт во главното мени

Кога ќе се кликне на табот **"Контакт"** се појавува екран како на сликата подолу каде што е прикажана адресата за е-пошта.




# Објаснување за средишниот и долниот дел од почетната страна на ЕНЕР

Понатаму во ова упатство преостанува да се објасни уште делот на почетната страна на ЕНЕР кој се наоѓа под главното мени, прикажан на сликата.




## 10 Последни предложени прописи

Доколку кај кругот 10 Последни предложени прописи, се кликне на **“Прочитај повеќе”** ќе се добие екран како на долната слика.




Овде се прикажани само последните 10 предложени прописи сортирани според датумот на креирање. Функционалностите кај овој екран детално се опишани во секцијата: **Прописи во главното мени**.

## 5 Најкоментирани прописи

Доколку кај кругот 5 Најкоментирани прописи, се кликне на **“Прочитај повеќе”** ќе се добие екран како на долната слика.




Овде се прикажани само 5те најкоментирани прописи. Функционалностите кај овој екран детално се опишани во секцијата: **Прописи во главното мени**.

## 10 Најнови коментари

Доколку кај кругот 10 Најнови коментари, се кликне на **"Прочитај повеќе"** ќе се добие екран како на долната слика. Овде се прикажани само 10те најнови коментари сортирани според датумот на оставање на коментарот. Функционалностите кај овој екран детално се опишани во секцијата: **Прописи во главното мени**.


10 НАЈНОВИ КОМЕНТАРИ
09/12/2014
Повеќе
Јавен Корисник
17/12/2014
15/12/2014
Повеќе
Јавен Корисник
15/12/2014
11/11/2014
Повеќе
Јавен Корисник
07/12/2014
04/12/2014
Повеќе
Јавен Корисник
04/12/2014
04/12/2014
Повеќе
Јавен Корисник
04/12/2014
10/11/2014
Повеќе
Јавен Корисник
26/11/2014
26/11/2014
Повеќе
Јавен Корисник
26/11/2014
26/11/2014
Повеќе
Јавен Корисник
26/11/2014
11/11/2014
Повеќе
Dimitar Simeonovski
13/11/2014
10/11/2014
Повеќе
Dimitar Simeonovski
13/11/2014

## ВЕСТИ

Доколку кај квадратот Вести се кликне на **“Прочитај повеќе”**, ќе се добие истиот екран како во секцијата: **Вести во главното мени**.

## АНАЛИЗИ

Доколку кај квадратот Анализи се кликне на **“Прочитај повеќе”**, ќе се добие екран како на сликата:




На сликата се гледа графички приказ по Број на прописи за тековната година, како и Закони и други прописи исто така за тековната година.

## ДОКУМЕНТИ

Доколку кај квадратот Документи се кликне на **“Прочитај повеќе”**, ќе се добие екран како на долната слика. Во овој дел може да се видат сите документи внесени преку администраторскиот дел и тоа сортирани според датумот на креирање на документот.Најдолу има дел за страничење на документите.




Доколку се кликне на копчето **“Повеќе”** кај некој документ, тогаш се отвара екран како на сликата подолу.Овде има преглед на документот, т.е. може да се види неговиот наслов, опис и слика.




## УПАТСТВА

Доколку кај квадратот Упатства се кликне на **“Прочитај повеќе”**, ќе се добие екран како на долната слика.Во овој дел може да се видат сите упатства внесени преку администраторскиот дел од страна на управителот на ЕНЕР. Доколку се кликне на линковите: **“Упатство за јавни корисници”**и**“Упатство за корисник од министерство/институција”** нивните содржини се отвараат во нов таб во пребарувачот. Под линковите е прикажано упатсво во вид на видео.Најдолу се наоѓа дел со итеративно упатство прикажано во вид на прашања и нивните одговори.Доколку се кликне на знакот **“+”**покрај некое прашање, ќе се отвори неговиот одговор веднаш под тоа прашање.Со кликање на знакот **“+”**од друго прашање, се затвора претходно отвореното.Претходно отвореното прашање може да се затвори и со притискање на знакот **“-”**кај истото прашање.


УПАТСТВА
Упатство за јавни корисници
Упатство за корисник од министерство/институција
На видеото подолу е прикажано упатство во кое најбитните чекори се визуелно презентирани и проследени со нарација
0:00
0:00
Ставка 11
Ставка 2
Ставка 3
Ставка 4
Ставка 5
Ставка 6
ставка 7
Ставка 111
ставка 8